# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
**(Програмата е предвидена во Годишниот план за работа за 2021година на Министерството за правда):**
Правосудство, казнено и граѓанско право: **Под програма: Унапредување на системот на казнено законодавство**
**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
Одделението за помилување и надомест на штета во Секторот за правосудство во Министерство за правда на Република Северна Македонија.
**Вид на програмата**

- ☐ **Хоризонтална**
- ☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2021:**
Со цел спроведување на обврските кои произлегуваат од Методологијата за родово одговорно буџетирање и Стратегијата за родово одговорно буџетирање, која Владата на Република Македонија ја донесе во 2012 година, Министерството за правда одлучи да планира и спроведе родово одговорно буџетирање за програмата на надомест на штета на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода што е во делокруг на работа на Одделението за помилување и надомест на штета во Секторот за правосудство во Министерство за правда.
**Краток осврт на програмата:**
Предметната програма има за цел остварување и унапредување на пристапот на сите граѓани до правдата и гарантирање на уставното право на еднаквост на граѓаните.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Со Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија бр. 150/2010, 100/2012,142/16 и 198/2018) се уредува постапката за надомест на штета на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода.
Со членот 8 став 1 на Уставот на Република Северна Македонија од 17 Ноември 1991 година, помеѓу другото, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се прокламирани основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.
Со членот 12 став 1 од Уставот е определено дека слободата на човекот е неприкосновена, а во ставот 2 на цитираниот член е јасно определено дека никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка со закон.
Во членот 13 ставови 1 и 2 од Уставот е определено дека лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, а лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.

Во членот 13 од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010, 100/2012, 142/16 и 198/2018) исто така е утврдено дека лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надоместок на штета од буџетските средства, има право да биде рехабилитирано, како и други права утврдени со закон.

Во Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010, 100/2012, 142/16 и 198/2018) - Глава XXXVI – одредби од членови 549 до 557) е регулирана постапката за надомест на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода. Овој закон ги определува основните предуслови или правни претпоставки врз чија што основа се признава правото на надомест на штета на овие лица со што истиот има карактер на lex specialis и има директна примена во решавањето на конкретните правни работи кои се однесуваат на признавањето и остварувањето на овие права.

Во таа смисла, со членот 549 став 1 од овој закон е определено дека право на надомест на штета поради неоправдана осуда има лицето спрема кое била правосилно изречена кривична санкција или кое е огласено за виновно а е ослободено од казната, а подоцна по повод вонреден правен лек новата постапка правосилно е запрена или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено. Исклучоците од ова право се прецизно определени во точките 1 и 2 од истиот став и ставот 2 од овој член.

Во членот 550 став 1 од Законот е предвидено дека правото на надомест на штета застарува за три години од денот на правосилноста на пресудата со која обвинетиот е ослободен од обвинението или со кое обвинението е одбиено, односно во рок од три години од правосилноста на решението со кое обвинителниот акт бил отфрлен или постапката е запрена, а ако по повод жалбата решавал повисокиот суд во рок од три години од денот на приемот на одлуката на повисокиот суд.

Во ставот 2 од членот 550 од истоимениот закон е определено дека пред поднесувањето на тужба за надоместок на штета до судот, оштетениот е должен со свое барање да се обрати до Министерството за правда заради постигање спогодба за постоење на штета и за видот и висината на надоместокот.

Со членот 551 став 1 од цитираниот закон е определено дека ако барањето за надоместок на штета не биде усвоено или по него Министерството за правда не донесе одлука во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето оштетениот може кај надлежниот суд да поднесе тужба за надоместок на штета. Ако е постигната спогодба само во поглед на дел на барањето, оштетениот може да поднесе тужба во поглед на остатокот од барањето.

Во ставот 2 од цитираниот член е потенцирано дека додека трае постапката од ставот 1 на овој член, не тече застареноста предвидена со член 551 став 1 од овој закон.

Ставот 3 од членот 551 определува дека тужбата за надоместок на штета се поднесува против Република Македонија.

Во членот 553 став 1 точка 1 од Законот е предвидено дека правото на надоместок на штета му припаѓа и на лицето кое било во притвор а не дошло до поведување кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение, или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено.

Со точка 2 од ставот 1 на цитираниот член е определено дека право на надоместок на штета има и лицето кое издржувало казна лишување од слобода, а по повод повторувањето на кривичната постапка, барањето за заштита на законитоста или барањето за вонредно преиспитување на правосилната пресуда му е изречена казна лишување од слобода во пократко траење од казната што ја издржал, или му е изречена кривична санкција која не се состои во лишување од слобода или е огласено за виновно, а е ослободено од казната.

Во точка 3 од ставот 1 на истиот член е утврдено дека право на надоместок на штета има и она лице кое поради грешка или незаконита работа на органот неосновано или незаконито е лишено од слобода, или е задржано подолго во притвор или во установата за издржување на казната или мерката, а во точка 4 од ставот 1 на членот стои дека такво право има и она лице кое во притвор поминало подолго време отколку што трае казната на која е осудено.

**3. Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Преку родово одговорното буџетирање се има за цел да се утврдат родово специфичните потреби и барања на лицата неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода односно колку мажи и жени побарале и по кој основ (не)оствариле право на надомест на штета и утврдување на родово специфичните реакции на одредени мерки како би се промовирала родовата рамноправност.

**4. Очекувани резултати од програмата** (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

Унапредувањето на родовата сензитивност ќе се постигне преку континуирано следење на состојбата во областа, изготвување на преглед со родово разделени податоци и во таа насока евентуално подобрување и унапредување на законската рамка како би се поттикнала родовата свесност и истата би се подигнала на повисоко ниво.

**5. Аутпут индикатори**

1) Утврдување на вкупниот број на подносители на барање за утврдување на спогодбен надоместок на штета, колку од нив се мажи а колку жени со утврдување на основот на барањето: неоправдано осудени или неосновано или незаконито лишени од слобода.
2) Утврдување на бројот на мажи и жени на кои им е усвоено барањето за утврдување на спогодбен надоместок на штета ( делумна или целосна спогодба) и определување на нивниот процент од вкупно поднесените барања.
3) Утврдување на бројот на мажи и жени на кои не им е усвоено барањето за утврдување на спогодбен надоместок на штета поради немање на законски основ за тоа, но и на оние кои што се упатени своите права да ги остваруваат во натамошна постапка со поднесување на тужба за надоместок на штета кај надлежен суд ( член 551 став 1 од ЗКП).
4) Поголема информираност на граѓаните за можноста за остварување на правото на надомест на штета.

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Од вкупно предвидениот буџет на Министерство за правда наменет за исплата како по евентуалните спогодби, така и за исплата врз основа на правосилни судски пресуди за надомест на штета, кој за 2021 година се предвидува да биде 7.000.000,00 денари, за остварување на целите на програмата и промовирање на родовата сензитивност ќе се алоцираат средства од вака предвидениот буџет.

Исплатата на средствата ќе се одвива преку буџетската сметка 637, Програма 10 – Администрација, ставка 464 – Разни трансфери, (како евентуалните спогодби така и исплатите врз основа на правосилни судски пресуди за надомест на штета). Не постои посебна пограма за исплата на предвидените средства.